ФИСКАЛЕН СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бихаќка 2, Скопје, info@fsovet.mk

Стручна служба на Фискалниот совет
Бр. 03 – 217/1
01 -06- 2026 год.
Скопје

Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), по спроведен јавен оглас, претседателот на Фискалниот совет на Република Северна Македонија донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 241/2026 за вработување на административен службеник во Стручна служба на Фискалниот совет на Република Северна Македонија

1. За извршител на работно место број 1. Раководител на одделение за анализа и истражување, во Одделение за анализа и истражување, во Сектор за стручна поддршка на Фискалниот совет, со шифра на работно место УПР 01 01 Б04 000 се избира кандидатот **Филомена Јованоска Здравковска**.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа одлука по конечноста на истата, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Стручната Служба на Фискалниот совет на Република Северна Македонија, Агенцијата за администрација на ден 16.04.2026 година, во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" објави јавен оглас за вработување на административен службеник во Стручната Служба на Фискалниот Совет на Република Северна Македонија. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-1074/5 од 16.04.2026 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот јавен оглас број 241/2026, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за што состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-1074/6 од 04.05.2026 година.

На ден 18.05.2026 година, во просториите Агенцијата за администрација, комисијата за селекција за вработување го спроведе испитот за админисистративен службеник за што состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-1074/7 од 18.05.2026 година.

На ден 20.05.2026 година, со почеток во 13:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што состави Записник од

спроведена проверка на вердостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1074/8 од 20.05.2026 година.

Согласно доставениот Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас број 241/2026 во Стручната Служба на Фискалниот Совет на Република Северна Македонија, број 10-1074/11 од 20.05.2026 година, Претседателот на Фискалниот Совет на Република Северна Македонија донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Претседател на Фискалниот совет на РСМ**
**Академик Абдулменаф Беџети**

Стручна служба на Фискалниот совет
Скопје

Доставено до:
- Кандидатот;
- Агенција за администрација;
- Архива;